*РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА*

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup
Примено: 23. 01. 2026

| Орг. Един. Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| --- | --- | --- | --- |
| 08 | 517/1 | | |


**КОМИСИЈА ЗА ПРАШАЊА НА ИЗБОРИТЕ И ИМЕНУВАЊАТА**

Број 16- 490/2 23.01 2026 година
Скопје

**ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Согласно членот 18 став (3) од Законот за спречување и заштита од дискриминација (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" број 258/2020), во прилог Ви се доставува Предлог - одлуката за избор на членови на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, што Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието ја утврди на седницата одржана на 23 јануари 2026 година.

Во прилог согласно членот 18 став (3) од Законот Ви се доставува и Извештај од спроведената јавна расправа и во електронска форма материјал од сите доставени пријави.

За известител на седницата на Собранието по Предлог - одлуката е определен претседателот на Комисијата Ѓорѓија Сајкоски.

**Претседател на**
**Комисијата за прашања на изборите**
**и именувањата,**
Ѓорѓија Сајкоски

Предлог

Врз основа на членот 68 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија и член 16 ставови (1) и (2) од Законот за спречување и заштита од дискриминација (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" број 258/2020), Собранието на Република Северна Македонија, на седницата одржана на -----------------------2026 година, донесе

# ОДЛУКА
## за избор на членови на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација

I. Собранието на Република Северна Македонија за членови на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ги избира:

- Лимко Бејзароски, дипломиран политиколог и доктор по историски науки одмс. Пласница.
- Наташа Амдију дипломиран правник и магистер на правни науки од Берово и
- Џихан Ахмед, дипломиран правник и магистер по правни науки од Скопје,

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Број 08- --------------------
--------------------------- 2026 година
С к о п ј е

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија
Африм Гаши, с.р.

Образложение

Собранието на Република Северна Македонија на седницата одржана на 3 декември 2025 година ја донесе Одлуката за објавување јавен оглас за избор на членови на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија” број 247/2025). На огласот се пријавија 19 кандидати.

Од пријавените, 14 кандидати ги исполнуваа условите и имааа доставено комплетна документација за исполнување на условите за избор на член на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно законот и Огласот.

Кандидатите кои ги исполнуваа условите за избор ги претставија своите кандидатури на јавната расправа на седницата на Комисијата за прашања на изборите и именувањата одржана на 20 јануари 2026 година.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата на седницата одржана на 21 јануари 2026 година од пријавените кандидати утврди Предлог - одлука за избор на членови на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

На 22 јануари 2026 година до Комисијата за прашања на изборите и именувањата е доставено Известување под архивски број 16-45/4 за повлекување на Пријавата за член на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од кандидатот Миле Стојановски.

Согласно Предлог - одлуката за избор на членови на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, кандидатот Миле Стојаноски беше предложен за член на Комисијата.

Поради горенаведените причини, Комисијата за прашања на изборите и именувањата на седницата одржана на 23 јануари 2026 година од пријавените кандидати утврди нова Предлог - одлука за избор на членови на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација со која на местото на Миле Стојановски беше предложен кандидатот Лимко Бејзароски.